**Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта**
**ФЕРШПЕД АД**
**Бр.02- 832 /12**
**22.05.2025 година**
**Скопје**

Врз основа на член 56 став 1 точка 8 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје, а во согласност со член 383 став 1 точка 8 и член 478 и 479 од Законот за трговски друштва, Годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 22.05.2025 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**за назначување овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на групата ФЕРШПЕД за 2025 година**

1. За овластен ревизор за вршење ревизија на годишната сметка, финансиските извештаи на ФЕРШПЕД АД Скопје и консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на група ФЕРШПЕД за 2025 година се назначува МУР СТИВЕНС ДОО Скопје со ЕМБС 5255414, со седиште Св. Кирил и Методија. бр.20 Скопје.

2. Овластениот ревизор од став 1 на оваа одлука поднесува извештај за извршената ревизија, според Меѓународните ревизорски стандарди (МРС) објавени во Службен весник на Република Северна Македонија што се ажурираат на годишна основа, заради усогласување со тековните стандарди онака како што се дополнети, изменети или усвоени од страна на Меѓународната федерација на сметководители (ИФАЦ).

3. Се овластува извршниот член на Одборот на директори - Генерален директор на ФЕРШПЕД АД Скопје да го потпише договорот за вршење ревизија со назначениот овластен ревизор од став 1 на оваа одлука.

4. Трошоците за извршената ревизија се обврска на ФЕРШПЕД АД Скопје.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение :**

Годишното собрание на акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 22.05.2025 година согласно одредбите од Законот за трговски друштва и Статутот на друштвото донесе одлука како во диспозитивот.

**Годишно собрание на акционери**
**Претседавач**

____________________

**Елена Спиреска - Кочевска**